МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

## за VI одделение

Скопје, 2023 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Германски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Моите први контакти<br>• Мојата околина и јас<br>• Моето слободно време |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD-плеер, интерактивна табла<br>• фотографии, постери, слики, предмети, флеш-карти, стикери, материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери<br>• учебник, прирачници, речници, списанија (во печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и германски јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана |

| | |
|---|---|
| | високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик , со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина), |
| II-А.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија, |
| II-А.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика, |
| II-А.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности, |
| II-А.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика, |
| II-А.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности, |
| II-А.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од секојдневна потреба, |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила, |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на |

| | |
|---|---|
| | различни културни/јазични групи, |
| II-Б.2 | познавањето на повеќе јазици го олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини, |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури, |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи, |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |

| | |
|---|---|
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата, |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Техника, технологија и претприемништво** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VII-A.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема: ***МОИТЕ ПРВИ КОНТАКТИ***<br><br>Вкупно часови: **24** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги препознае главните информации во куси слушнати/пишани искази во врска со лични податоци, семејство и интереси;<br>2. поздрави/отпоздрави (врсници и возрасни лица);<br>3. се претстави себеси (име, презиме, место на живеење, земја на потекло, возраст, интереси);<br>4. постави едноставни прашања на други лица (име, возраст, место на живеење, потекло)/ одговори на едноставни прашања во врска со лични податоци, семејство и интереси;<br>5. напише кус дијалог со едноставни реченици. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• формално и неформално обраќање и поздравување<br>*Guten Tag! Auf Wiedersehen! Hallo! Tschüs!*<br>*Wie geht's? – Danke, gut. Und dir? – Super.*<br>• барање и давање информација при запознавање: име, возраст, земја на потекло, интереси<br>*Wie heißt du?*<br>*– Ich heiße Matthias. Und du? - Ich bin Laura.*<br>*- Wie alt bist du? - Ich bin elf Jahre alt.*<br>*- Und woher kommst du? - Ich komme aus Deutschland.*<br>*Wie heißen Sie? - Mein Name ist Carla Meier.*<br>• претставување други лица и давање куси | • Препознава изрази за поздравување и за збогување.<br>• Разликува формално и неформално обраќање.<br>• Се претставува себеси и други лица.<br>• Применува новонаучена лексика и едноставни куси изрази во нов контекст.<br>• Образува куси реченици и применува едноставни граматички структури.<br>• Пренесува информации од воспоставени контакти.<br>• Согледува разлика меѓу гласовите во мајчиниот и германскиот јазик.<br>• Препознава интонација на прашална и исказна реченица.<br>• Препознава и толкува куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со лични информации. |

| | |
|---|---|
| информации за нив<br>*Das ist Otavio. Er ist zwölf Jahre alt und kommt aus Köln.*<br>• изразување мислење<br>*Ich finde Hanna super.*<br>*Findest du Fußball gut? - Na ja. Es geht.*<br>• изразување желба<br>*Was möchtest du? - Ich möchte Limo.*<br>*Möchtest du Cola? - Ja, gern. / - Nein, danke.*<br>• наведување омилени активности<br>*Ich spiele gern Tennis. Ich mag Sport.*<br>*- Und was magst du noch?*<br>*- Karate und Schwimmen.*<br>• прашување за возраста<br>*Wie alt bist du? - Ich bin 12 Jahre alt. Und du?* | |
| б) Лексички единици:<br>• азбука;<br>• лични податоци: *Vorname, Familienname, Wohnort, Adresse, Alter, Herkunft*<br>*Hallo, ich heiße Eva. Mein Familienname ist Lohbach. Ich komme aus Deutschland. Ich wohne in München. Ich bin elf Jahre alt.*<br>• главни броеви: *die Ordinalzahlen von 1 bis 20 Wie ist deine Handynummer? – 0157 1788335. (null-eins-fünf- sieben-eins-sieben-acht-acht-drei-drei-fünf)*<br>• пијалаци: *Limonade/Limo, Cola, Saft (Orangensaft/Apfelsaft), Wasser, Milch, Kaffee, Kakao, Tee.* | • Изговара букви од германската азбука.<br>• Го спелува своето име, презиме и место на живеење.<br>• Разбира зборови и изрази поврзани со лични податоци, интереси и семејство.<br>• Ги препознава и ги користи главните броеви до 20.<br>• Именува пијалаци.<br>• Набројува активности поврзани со лични интереси.<br>• Користи зборови со кои што се именуваат членови од потесното и поширокото семејство.<br>• Применува правилен зборород.<br>• Толкува куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, |

| | |
|---|---|
| *Timo trinkt gern Orangensaft. Lisa trinkt Apfelsaft.*<br>*Ich trinke gern Kakao.*<br>• интереси: *Sport machen, Tennis/Volleyball/Fußball/Basketball spielen, Gitarre/Klavier spielen, Musik hören, Skateboard/Inliner fahren*<br>*Mein Hobby ist Gitarre spielen.*<br>*Was spielst du gern? - Ich spiele Volleyball.*<br>*Hörst du gern Musik? - Ja, sehr gern.*<br>• семејство: *die Familie, der Vater, die Mutter, die Eltern, der Bruder, die Schwester, die Gerschwister, der Opa/der Großvater, die Oma/die Großmutter, die Großeltern, die Tante, der Onkel, der Cousin, die Cousine*<br>*Meine Familie ist klein.*<br>*Das sind mein Vater und meine Mutter.*<br>*Und das ist meine Schwester.* | поврзани со лични интереси и семејство. |
| в) Граматички структури:<br>• лични заменки *ich, du, er/sie/es, wir, ihr, sie, Sie*<br>• глаголи во сегашно време: 1., 2. и 3. лице еднина и 3. лице множина<br>*heißen, kommen, wohnen, spielen, machen, hören, trinken, finden, sein*<br>*Ich heiße Merle.*<br>*Du kommst aus Österreich.*<br>*Er wohnt in Bern.*<br>*Sie spielt Klavier.*<br>*Sie machen Sport.*<br>• глаголот *mögen* како главен глагол | • Препознава и употребува лични заменки во еднина и множина.<br>• Препознава и употребува наставки за образување сегашно време на глаголите во сите лица еднина и множина.<br>• Користи наставки за образување сегашно време на модалниот глагол *mögen.*<br>• Го применува модалниот глагол *mögen.*<br>• Препознава и употребува род и број кај именките.<br>• Препознава и употребува определен и неопределен член кај именките.<br>• Користи придавки со помошен глагол „сум“.<br>• Разликува и користи присвојни членови во прво и второ лице еднина во |

| | |
|---|---|
| *Magst du Tennis? – Nein, ich mag Karate.*<br>• род и број кај именките<br>• именки со определен и со неопределен член во номинатив<br>*Das ist eine Katze. Die Katze heißt Minka.*<br>• придавки во предикативна употреба *(sein + придавка)*<br>*Der Hund ist schwarz und weiß.*<br>• присвојните членови *mein, dein* во номинатив<br>*Ist das deine Schwester? – Nein, das ist meine Freundin.*<br>• личната заменка *es* како формален субјект („безличното“ es) во изразите<br>*Wie geht's?- Danke, es geht.*<br>• предлозите in, aus + име на земјата, градот или местото (на потекло или живеење)<br>*Ich komme aus der Schweiz.*<br>*Ich wohne in Zürich.*<br>• прашални заменки: wer, was и прашални прилози woher, wo<br>*Wer bist du?*<br>*Was machst du?*<br>*Woher kommst du?*<br>*Wo wohnst du?*<br>• затворени и отворени прашања;<br>*Kommst du aus Deutschland? – Nein, aus Österreich.*<br>*Bist du Tobias? – Ja, das bin ich.*<br>*Wie heißt du? – Ich heiße Paul.*<br>*Was trinkst du gern? – Ich trinke gern Tee.* | номинатив.<br>• Ја препознава и ја користи личната заменка *es* како формален субјект.<br>• Ги применува предлозите за место *in* и *aus.*<br>• Ги разликува и употребува прашалните заменки: wer, was и прашалните прилози woher, wo.<br>• Разликува и образува затворени и отворени прашања.<br>• Слуша, чита, повторува и правилно изговара гласови во зборови, исказни и прашални реченици.<br>• Разликува долги и кратки самогласки.<br>• Разликува интонација на прашална и исказна реченица.<br>• Применува акцентирање на зборови и реченични искази.<br>• Прави разлика на гласови кои не постојат во мајчиниот јазик: Ich-Laut [ɪç] и Ach-Laut [ax]. |

| | |
|---|---|
| *Wie alt bist du? – 13*.<br>• изговор и интонација, тон и акцентирање;<br>• правопис и правоговор;<br>• изговор на гласови што не постојат во мајчиниот јазик: ich [ɪç], wo [vo:], du [du:], kommen [kɔmən] | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• земји во кои германскиот е службен јазик;<br>• начин на поздравување во сојузните покраини во Германија;<br>• зборови кои се користат во повеќе јазици-интернационализми | • Препознава земји и градови од германското говорно подрачје.<br>• Препознава поздрави и отпоздравувања карактеристични за одредени сојузни покраини во Германија.<br>• Користи поздрави и отпоздравувања на формален и неформален начин.<br>• Користи зборови кои се употребуваат во повеќе јазици. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците се запознаваат со германската азбука преку слушање песна, ги повторуваат буквите, гледаат постер со германската азбука и го вежбаат изговорот на гласовите;
- Учениците играат игра со спелување зборови: наставникот им дели на учениците картички со познати зборови (интернационализми). Секој ученик влече ливче, го спелува зборот и добива поени за точниот одговор.
- Учениците играат игра со мала топка, меѓусебно си ја подаваат топката и се прашуваат *Wie heißt du? / Wie ist dein Name?* Кој ќе ја фати топката се претставува и потоа ја подава топката на друг ученик поставувајќи го истото прашање. Играта трае сè додека не се претстават сите ученици во одделението.
- Учениците ги слушаат поздравите од песна и ги повторуваат и истовремено гледаат постер со поздрави.

- Учениците застануваат во два круга: внатрешен и надворешен круг. Едниот круг се движи налево, другиот надесно, секој ученик треба да го поздрави соученикот-партнер и да се претстави.
- Играње игра - меморија со броеви: учениците се делат во неколку групи, секоја група добива ист број картички со броеви од 1 до 20. Половина од картичките се напишани со цифри, а другата половина со зборови. Целта на играта е да се поврзат цифрите со зборовите.
- Quizlet Flashcards – Getränke: наставникот на проектор им ги покажува на учениците пијалаците и тие редоследно ги повторуваат и погодуваат за кој пијалак станува збор.
- Hängemännchen (Бесилка) spielen: еден ученик излегува на табла, замислува некој пијалак и другите ученици погодуваат.
- Секој ученик извлекува една картичка на која е претставена некоја именка што означува активност или пак картичка на која е напишан глагол. Учениците слободно се движат низ училницата, си ги покажуваат картичките и го наоѓаат својот пар и ги запишуваат активностите на табла (пр. *Gitarre spielen / Sport machen*).
- Пантомима – еден ученик покажува некоја активност во слободно време, а другите погодуваат.
- Учениците во групи изработуваат колаж со членови на потесното и поширокото семејство, користејќи притоа фотографии и слики од списанија или рекламен материјал, на колажот ги пишуваат именките кои означуваат членови на семејството.
- Stammbaum – секој ученик црта семејно стебло и ги запишува имињата на членовите на семејството и потоа го претставува своето семејство.
- Игра со коцка - на едната коцка се личните заменки, а на другата глаголите во инфинитив. Учениците ги фрлаат коцките и составуваат куси едноставни реченици од видот подмет и прирок.
- Учениците поврзуваат слика на која е прикажана активноста и слика со соодветен глагол.
- Учениците добиваат картички со составните делови на една прашална или исказна реченица и ги подредуваат по правилен редослед елементите во реченицата.
- Учениците играат улоги според дадени модели: *A: Woher kommst du? B: Ich komme aus Berlin. Und du? A: Ich komme aus Bitola.*
- Учениците варираат дијалози според даден пример со свои податоци.

- Учениците преведуваат куси реченици од германски на мајчин јазик.
- Учениците прават вежби пред слушање кои ги воведуваат во наставната содржина: визуелни асоцијации (слики, фотографии, асоциограми).
- Бура на идеи: учениците ги активираат предзнаењата на мајчин или на германски јазик.
- Учениците го вежбаат определениот и неопределениот член кај именките со помош на дневник во три колони, користејќи притоа различни бои: една боја за машки род, друга за женски род и трета за среден род.
- Учениците дополнуваат прашален збор во прашална реченица со празнини.
- Учениците работат во групи при што едниот пар добива работен лист со одговори и податоци кои треба да ги искористи за поставување прашања, а другиот пар добива работен лист со прашања и податоци кои треба да ги искористи за давање одговори на поставените прашања. На крај од вежбата паровите ги споредуваат работните листови.
- Учениците составуваат краток дијалог од куси едноставни реченици со правилна употреба на прашалните зборови *Wer? Was? Wo? Woher? Wie?* (На пример: *A: Wer ist das? B:Das ist mein Bruder. A: Wie alt ist er? B: Er ist zehn Jahre alt.*)
- Учениците вметнуваат претходно дадени зборови или реченични делови на празни места во реченицата.
- Учениците изработуваат постер на тема: Städte – Länder (Deutschland, Österreich, die Schweiz), ја прецртуваат географската карта на земјата која ја претставуваат и ги означуваат главните градови. Постерот го претставуваат пред другите соученици и наставникот.
- Квиз: учениците погодуваат кој поздрав каде се употребува во Германија, по пат на аудио снимка или картички;
- Учениците добиваат работен лист каде ги дополнуваат имињата на државите според даденото знаме, активност која учениците може да ја преземат од Интернет.

Тема: ***МОЈАТА ОКОЛИНА И ЈАС***

Вкупно часови: **24**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги наброи училишните активности и наставните предмети;

| |
|---|
| 2. зборува за распоредот на часови;<br>3. искаже точно време (ден и час);<br>4. разбере кус едноставен текст со опис на еден училиштен ден;<br>5. пишува кус исказ и/или дијалог за да опише секојдневни училишни активности. |

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• искажување допаѓање/недопаѓање: *Magst du Sport? – Nein, ich mag Kunst.*<br>• опишување училишни активности, наставни предмети и распоред на часови: *Heute ist Montag. Ich habe sechs Stunden Unterricht. Deutsch lerne ich gern. Geschichte ist nicht so toll. Am Samstag und Sonntag habe ich frei.*<br>• опишување секојдневни активности: *Ich stehe um 7 Uhr auf. Der Unterricht beginnt um 8 Uhr. Um 14 Uhr bin ich zu Hause.*<br>• искажување точно време: *Wie spät ist es jetzt? – Es ist halb sieben. Um wie viel Uhr beginnt die Schule? – Um acht. Wann hast du Mathe? – Am Montag, am Mittwoch und am Freitag.* | • Применува јазични структури за да искаже допаѓање/недопаѓање.<br>• Препознава лексика потребна за опишување на наставни предмети и распоред на часови.<br>• Применува лексика за опишување секојдневни активности;<br>• Препознава слуховно точно време.<br>• Учествува во дијалог преку поставување и/или одговарање на куси прашања поврзани со распоред на часови и точно време.<br>• Пренесува куси едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со училишните активности. |
| б) Лексички единици:<br>• наставни предмети: *Deutsch, Englisch, Französisch, Latein, Mathematik, Informatik, Physik, Chemie, Geschichte, Erdkunde, Biologie, Sozialkunde, Sport, Musik, Kunst, Ethik, Religion. Heute haben wir Sport, Mathematik, Deutsch, Erdkunde und Musik.* | • Набројува наставни предмети според распоредот на часови.<br>• Препознава лексика поврзана со училишниот прибор.<br>• Применува зборови и изрази поврзани со училишното секојдневие.<br>• Ги препознава и ги користи главните броеви од 20 до 100. |

| | |
|---|---|
| • училиштен прибор: *der Bleistift, der Kuli, der Füller, der Spitzer, der Farbstift, der Radiergummi, der Block, der Atlas, der Taschenrechner, der Malkasten, der Ordner, der Pinsel, der Rucksack, der Kleber,das Heft, das Buch, das Lineal, das Mäppchen, das Blattpapier, die Tasche, die Schere, die Tafel, die Kreide, die Landkarte; Plural: die Sportsachen, die Farbstifte, die Filzstifte, die Turnschuhe*<br>*Das ist kein Kuli, das ist ein Bleistift . Das sind Farbstifte.*<br>• распоред на часови: *der Stundenplan;*<br>*Am Dienstag haben wir zwei Stunden Sport, zwei Stunden Deutsch und eine Stunde Mathe.*<br>• денови во седмицата: *der Montag, der Dienstag, der Mittwoch, der Donnerstag, der Freitag, der Samstag, der Sonntag, das Wochenende;*<br>*Am Mittwoch habe ich Unterricht.*<br>• фрази за искажување временски интервали: *am Morgen, am Vormittag, am Mittag, am Nachmittag, am Abend, in der Nacht;*<br>*Am Nachmittag habe ich Training.*<br>• главни броеви од 20 до 100: *die Ordinalzahlen von 20 bis 100;*<br>*Meine Mutter ist 38 Jahre alt und meine Oma ist 60.*<br>• редни броеви од 1 до 20 | • Ги препознава и ги користи редните броеви до 20.<br>• Разликува главни од редни броеви.<br>• Опишува активности во одредени делови од денот.<br>• Користи искази за кажување точно време (неофицијално).<br>• Составува куси искази кои ги содржат деновите од неделата во корелација со одредена училишна или слободна активност.<br>• Препознава и пренесува куси едноставни искази од германски на мајчин јазик, поврзани со училиштето и секојдневните активности. |

| | |
|---|---|
| *In der zweiten Stunde habe ich Kunst.. Und du?*<br>*Ich habe Sport.*<br>• фрази за искажување точно време (неофицијално): *Wie spät ist es?, Wie viel Uhr ist es?, Es ist Viertel vor …., Viertel nach …, halb …, fünf nach …, zehn nach …, zwanzig nach …, fünf vor halb …, fünf nach halb…, zwanzig vor, zehn vor …, fünf vor …*<br>• временски единици: *die Sekunde, die Minute, die Stunde, der Tag, die Woche, der Monat, das Jahr;*<br>*Der Tag hat 24 Stunden.*<br>*Die Woche hat sieben Tage.* | |
| в) Граматички структури:<br>• глаголи во сегашно време; еднина и множина од слаби (правилни) глаголи*: lernen, malen, rechnen, zeichnen, frühstücken, tanzen, kochen;*<br>*In Kunst malen und zeichnen wir.*<br>• глаголи во сегашно време; еднина и множина од јаки (неправилни) глаголи*: haben* и *sein; lesen, sprechen, schwimmen, singen, nehmen, geben, vergessen, essen, gehen;*<br>*Am Abend liest Anna gern ein Buch.*<br>*Sprichst du gut Deutsch? – Nein, nicht so gut.*<br>*Was isst du zum Frühstück? – Ein Käsebrot.*<br>• глаголи со делив префикс: *aufstehen, einkaufen, mitkommen, mitspielen, mitnehmen, abholen, anrufen*<br>*Wann stehst du auf? – Um 8 Uhr.*<br>*Am Nachmittag kaufe ich im Supermarkt ein.* | • Применува слаби (правилни) глаголи во сегашно време, еднина и множина;<br>• Применува јаки (неправилни) глаголи во сегашно време, еднина и множина;<br>• Разликува промени во глаголската основа во 2. и 3. лице еднина кај јаки (неправилни) глаголи во сегашно време;<br>• Препознава глаголи со делив префикс во сегашно време;<br>• Образува реченици со глаголи со делив префикс во сегашно време;<br>• Го применува модалниот глагол mögen за искажување желба во сегашно време и во конјунктив претеритум ;<br>• Го препознава редоследот на зборовите во реченичната рамка;<br>• Образува реченици со модален глагол и глагол во непроменета форма (инфинитив);<br>• Препознава делови од реченицата во улога на подмет, прирок и директен предмет;<br>• Разликува употреба на номинатив и акузатив; |

| | |
|---|---|
| *Kommst du mit?*<br>• модалниот глагол *mögen* како главен глагол во сегашно време и во конјунктив претеритум;<br>*Magst du Pizza? – Ja, gern.*<br>*Was möchtest du zum Geburtstag? – Ein Fahrrad.*<br>• образување реченица (реченична рамка) и употреба на модален глагол со инфинитив<br>*Möchtest du zeichnen? – Nein, ich möchte malen.*<br>• определен, неопределен и присвоен член во номинатив и во акузатив;<br>*Wo ist mein Taschenrechner?*<br>*Ich suche den Taschenrechner.*<br>*Der Taschenrechner ist hier.*<br>• именки со одречниот член *kein*<br>*Das ist keine Landkarte. Das ist ein Atlas.*<br>• приредувачки (координациски) сврзници: *und, aber*<br>*Meine Schultasche ist klein, aber dein Rucksack ist groß.*<br>*Das sind meine Bücher und Hefte.*<br>• определба за време: предлог + датив<br>*am Montag, in der Nacht*<br>• предлог *um* + час<br>*um 8 Uhr, um Viertel nach zehn*<br>• именка менлива по број во германскиот јазик, а плуралетантум (именка само со множинска форма) во мајчиниот јазик<br>*Das ist meine Schere.*<br>*Das ist deine Brille.* | • Употребува одречен член пред именка;<br>• Поврзува едноставни реченици со приредувачките сврзници *und* и *aber*;<br>• Користи определби за време во исказна и прашална реченица;<br>• Прави разлика меѓу именка менлива по број во германскиот јазик, а со множинска форма во мајчиниот јазик;<br>• Разликува премин на [ɛ] и [e:] во [ɪ], односно [i:];<br>• Применува -ig [ɪç] на крајот на зборот;<br>• Прави разлика er[ɐ] на крајот од зборот и пред согласка, -r [ɐ], [ɐ̯] зад двогласка, аспирација [ph ], [th ], [kh] и глотален стоп [ǀ]. |

| | |
|---|---|
| • изговор и интонација, тон и акцентирање<br>• премин на [ɛ] и [e:] во [ɪ], односно [i:]: *spreche, sprichst, lese, liest*;<br>• -ig [ɪç] на крајот на зборот *richtig, wichtig, fleißig*<br>• -er[ɐ] на крајот од зборот и пред согласка *Wasser* [vasɐ], *Unterricht* [ʊntɐrɪçt]<br>-r [ɐ], [ɐ̯] зад двогласка, односно долга самогласка *Bauer* [baṷ ɐ], *der* [de:ɐ̯]<br>• аспирација [ph ], [th ], [kh], *Tee* [th e:], *Kino* [kh i:no]<br>• глотален стоп [\|] *Theater* [th e\|a:tɐ] | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• честитање и прославување празници: *Weihnachten; Silvester; Neu Jahr*<br>• изработување постер на тема: *Meine Klasse, mein Stundenplan und mein Schulalltag* | • Препознава специфики поврзани со честитање Божиќ и Нова година;<br>• Употребува изрази карактеристични за честитање Божиќ и Нова година при пишување новогодишна честитка;<br>• Изработува постер  со куси едноставни искази за своето одделение, распоредот на часови и училишното секојдневие. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците изработуваат часовник и ги обележуваат броевите, потоа со движење на стрелките во парови вежбаат кажување точно време.
- Учениците играат игра поделени во групи, секоја група добива флеш карти со точно време и флеш карти со нацртан часовник со дадено време. Победник е групата која што најбрзо и точно ќе го поврзе точното време со прикажаниот часовник на картичката.

- Учениците подредуваат слики со секојдневни рутински активности почнувајќи од утро до вечер и во парови пишуваат куси реченици (*Um 7 Uhr steht Marina auf. Um halb acht geht sie zur Schule. Um 8 Uhr beginnt der Unterricht.*)
- На работен лист со слики се прикажани наставните предмети и со зборови се понудени називите на наставните предмети. Учениците треба да ги поврзат наставните предмети со називите.
- Учениците изработуваат распоред на часови и ги дополнуваат наставните предмети според деновите во неделата.
- Учениците поставуваат прашања и ги одговараат: *A: Wann hast du Sport? B: Ich habe Sport am Montag, Mittwoch und Freitag.*
- Учениците играат игра на препознавање: во една торба секој ученик става по еден предмет од училишниот прибор и потоа само со допир без да го види предметот го кажува на германски заедно со определениот член.
- Учениците во крстозбор ги допишуваат предметите кои означуваат училиштен прибор според дадена слика или цртеж.
- *Wortschlange*: учениците ги препознаваат зборовите што означуваат училиштен прибор во низа од букви.
- Учениците застануваат во круг и наставникот дава задача за броење, на пр. само парни или непарни броеви, или броеви плус три или пет итн.
- Учениците поврзуваат слика со дел од денот.
- Учениците добиваат работни листови на кои има реченица со глагол со делив префикс по испревртен редослед. Нивната задача е да ги исечат елементите од реченицата, да ги подредат и да ги залепат на друг лист. На крај листовите со подредените реченици ги закачуваат на табла.
- Учениците во парови именуваат предмети од училиштен прибор со неопределен член, но доколку тој збор е прецртан, употребуваат одречен член (*A: Das ist ein Bleistift. B: Nein, das ist kein Bleistift, das ist ein Kuli.*).
- *Koffer packen:* учениците играат игра, притоа набројуваат именки со неопределен член од темата училиштен прибор и ги поврзуваат речениците со сврзникот *und*. Секој ученик треба да ги повтори предметите што ги кажале претходните ученици и да каже нов предмет. Победник е ученикот кој запомнил најмногу зборови во низа (*A: Ich packe meinen Koffer und nehme ein Lineal mit. B: Ich packe meinen Koffer und nehme ein Lineal und einen Radiergummi mit.).*
- *Würfelspiel:* Учениците добиваат игра со полиња во кои се напишани по еден глагол и една именка. Се почнува од полето *START* и со фрлање коцка стигнуваат до одредено поле. За да продолжат понатаму со играта треба да составаат реченица со подмет, прирок и директен предмет. Победник е оној кој ќе состави најмногу точни реченици. (*Ich habe einen Füller. / Er sucht das Lineal.*

| |
|---|
| */ Sie liest kein Buch).*<br>• Учениците ги дополнуваат формите на неправилните глаголи во табела.<br>• Учениците препознаваат информации со вежби за повеќечлен избор или точно / неточно во кус текст.<br>• Учениците пополнуваат табела со селектирани информации од прочитан кус текст поврзан со училишните активности.<br>• Учениците ја слушаат и пеат песната *Stille Nacht, heilige Nacht!*<br>• Учениците изработуваат честитки за Божиќ и Нова година.<br>• Учениците во групи изработуваат илустративен постер за своето одделение и го презентираат. |
| **Тема:** ***МОЕТО СЛОБОДНО ВРЕМЕ***<br>Вкупно часови: **24** |
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. препознае зададени информации во едноставни, куси пишувани текстови поврзани со слободното време (спорт, хоби, музика и игра).<br>2. разбере информации во врска со слободно време во куси слушнати текстови, во форма на дијалози и телефонски разговори.<br>3. го опише својот избор за слободно време и да договори средба на места на кои се одвиваат слободните активности.<br>4. користи често употребувана лексика при писмено и усно изразување за слободното време.<br>5. напише кус и едноставен текст за изразување на лични желби, хоби и и слободно време.<br>6. иницира и учествува во секојдневен едноставен разговор за слободното време во својата непосредна околина.<br>7. поставува прашања и дава одговори во врска со цените на производите, кои се поврзани со слободните активности. |

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• барање и давање информации за активностите во слободното време<br>Ich mache Sport. Sie spielt Tennis und Basketball.<br>Was macht sie in der Freizeit? Sie fährt gern Rad.<br>• барање и давање информации во врска со лични желби и интереси<br>Mein Hobby ist Gitarre spielen. Mit wem spielst du Schach? – Ich spiele Schach mit meinem Vater.<br>• давање предлози и договарање средби во врска со слободното време<br>Wir können heute ins Kino gehen? – Ich habe keine Zeit. Vielleicht morgen abend? – Ich mache das gern.<br>• давање потврдни или негативни искази, прифаќање и одбивање покана<br>Wir möchten ins Theater gehen. Hast du Lust? – Ja, gern. Ich komme mit. -Ich kann leider nicht. Tut mir leid, ich habe keine Zeit.<br>• прашување за цена (облека и реквизити за спорт)<br>Wie viel kosten die Turnschuhe? Wie viel kostet die Kamera?<br>• прашување за предмети поврзани со слободното време и хоби<br>Wo ist mein Skateboard? – Dein Skateboard ist hier.<br>Wo ist dein Fußball? – Mein Fußball ist bei dir.<br>• барање и давање информации во врска со | • Препознава лексика потребна за опишување на активности за слободното време.<br>• Идентификува активности за слободното време.<br>• Учествува во дијалог преку поставување и одговарање на куси прашања поврзани со лични желби или интереси во врска.<br>• Опишува хобија и активности кои се практикуваат во слободното време, користејќи куси искази.<br>• Поставува едноставни прашања за отпочнување дијалог/разговор за слободните активности.<br>• Претставува и опишува други лица кои учествуваат во слободните активности.<br>• Иницира разговор користејќи прибрани информации во врска со слободното време.<br>• Користи куси искази во врска со предметите и облеката која се користи за разни хобија и спортови.<br>• Поставува учтиви прашања и учтиво и се заблагодарува.<br>• Пренесува новоусвоена лексика поврзана со темата од германски на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| облеката која се користи при спортување<br>Was trägt er beim Fußball spielen? – Er trägt T- Shirt und Turnschuhe.<br>Was trägt sie beim Snowboard fahren? – Sie trägt Handschuhe und Mütze.<br>• заблагодарување и возвраќање на изразена благодарност<br>Danke für das Geschenk. – Bitte. | |
| б) Лексички единици:<br>• активности во слободното време<br>Schlittschuh laufen, Snowboard fahren, Eishockey spielen, Rad fahren<br>• искажување на интерес и желба и поставување прашања во врска со хоби, спорт, музика и игра<br>Sie spielt Schach am Montag. Martina fährt lieber Rad.<br>Was machst du lieber? Basketball oder Tennis spielen?<br>• ден, месец, час, годишно време за договарање на активности во слободното време<br>Wann spielst du Eishockey? – Im Winter.<br>Wann schwimmst du? – Im Sommer. Um wie viel Uhr spielen wir Tennis? – Wir spielen um 14 Uhr.<br>Wann gehst du Basketball spielen? – Am Freitag.<br>Wann fahren wir ans Meer? – Wir fahren ans Meer im Juli.<br>• предмети кои се употребуваат за активности во слободното време | • Ги именува поимите поврзани со разни хобија и спортски активности, користејќи куси искази со усвоената лексика.<br>• Разликува значење на прилошки определби за време и правилно ги применува во контекст.<br>• Користи усвоена лексика за да ги опише слободните активности во усна и писмена форма во нов сопствен контекст .<br>• Пишува искази во врска со секојдневни активности и дејства кои се случуваат во моментот на зборување користејќи изрази за време, месеци и час.<br>• Составува куси искази кои ги содржат деновите од неделата во корелација со одредена училишна или слободна активност, односно хоби.<br>• Составува (усно и писмено) едноставни реченици во прашална, потврдна и одречна форма кои содржат лексички единици поврзани со училишни предмети и слободни активности.<br>• Искажува сопствено мислење за слободното време.<br>• Ги разбира и ги именува поимите што ги означуваат местата на реализирање на активностите од слободното време;<br>• Препознава и применува правописни правила за да напише едноставни реченици кои означуваат  денови од неделата, годишни времиња, месеци |

| | |
|---|---|
| Taschenrechner, Handy, Skateboard, Malkasten, Zeichenblock, Ball, Computer<br>• облека која се користи при одреден спорт или хоби<br>T – Shirt, Jacke, Mütze, Turnschuhe, Shorts, Leggings<br>• места каде се изведуваат слободните активности, хобија и спортови<br>Schwimmbad, Schwimmhalle, Sportplatz, Skaterbahn, Tennisplatz | и точно време. |
| в) Граматички структури:<br>• глаголи во сегашно време; еднина и множина од слаби (правилни) глаголи: spielen, singen, hören, malen; јаки (неправилни) глаголи со промена на самогласката во 2. и 3. лице еднина во сегашно време: lesen, treffen, sehen, fahren, schlafen; haben и sein<br>Sie spielt Handball. Er hört gute Musik. Tom malt ein Bild. Sie liest ein Buch. Er trifft sie heute.<br>Sie sieht gut aus. Er fährt am liebsten Rad.<br>Sie schläft bei Martina am Wochenende.<br>Ich habe keine Freizeit. Er ist ein Tennisspieler.<br>• модални глаголи - mögen-möchten, können<br>Martin kann gut Tennis spielen. Sie kann surfen. Wir möchten Schlittschuh laufen. Marta mag Klavier spielen.<br>• лични заменки во еднина и множина<br>Ich kann gut Klavier spielen. Du siehst zwei | • Препознава форми за образување на помошните глаголи haben и sein во сегашно време за сите лица и соодветно ги користи во усна и писмена продукција.<br>• Разликува еднина и множина кај именките кои означуваат хобија, реквизити и предмети за спортски активности, во писмена и усна комуникација за.<br>• Користи глаголи со промена на вокалот во куси реченици поврзани со слободните активности.<br>.<br>• Применува модални глаголи mögen – möchten; können, при образување прашални, потврдни и одречни реченици.<br>• Употребува деливи глаголи: mitspielen, fernsehen, abschalten, ausschalten во прашални реченици и одговори во врска со хобија, спорт и музика.<br>• Применува соодветен предлог за време во искази за наведување ден, месец, годишно време и час.<br>• Составува кус исказ поврзан со училиштето и/или непосредната околина<br>.<br>• Користи присвоен член за прво и второ лице еднина во куси искази поврзани со активности во слободното време.<br>• Поврзува описни придавки со спротивно значење во даден кус исказ или |

| | |
|---|---|
| Stunden fern. Er kann nicht mitkommen. Wir möchten ins Kino gehen. Ihr geht heute in die Disco. Sie können nicht Mathe lernen.<br>• присвојни членови за прво и второ лице еднина<br>Ist das deine Gitarre? – Ja, das ist meine Gitarre.<br>• именки со неопределен и определен член во номинатив и акузатив<br>Das ist ein Ball. Der Ball ist rot. Ich sehe den Ball.<br>Das ist eine Gitarre. Die Gitarre ist klein.<br>• деливи глаголи: mitspielen, fernsehen, abschalten, ausschalten<br>Spielst du heute mit? – Ja, klar. Siehst du mit uns fern? – Nein, ich habe keine Lust. Schaltest du den Fernseher aus? – Ja, ich schalte den Fernseher aus.<br>• отворени и затворени прашални реченици<br>Wohin fahren wir im Winter? Wann spielt Stefan Eishockey? Wann gehen wir ins Kino? Um vier Uhr?<br>Möchtest du mit mir ins Kino gehen? – Nein, ich möchte nicht.<br>Kannst du heute mit mir Mathe lernen? – Ja, ich kann mit dir Mathe lernen.<br>• множинска форма кај именките<br>*-n*; (Mütze); *-en* (Frauen); *-s* (Handys); со преглас (Malkästen); со преглас и *e* ( Blöcke); со преглас и *-er* (Bücher); *-er* (Bilder)<br>• компарација на придавките: gern, lieber, am | во дијалог поврзан со тематиката.<br>• Составува кус исказ во кој се применуваат описните придавки.<br>• Преведува едноставни куси реченици поврзани со спортски активности, музика, игри и хобија од германски на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| liebsten; viel, mehr, am meisten.<br>Was machst du am Samstag am liebsten?<br>Ich spiele Tennis, aber ich gehe auch gern ins Kino.<br>• описни придавки; sportlich-unsportlich; klein-groß; interessant-langweilig; einfach-kompliziert | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Слободното време на младите во Германија и во нашата земја | • Ги идентификува и ги искажува сличностите и разликите во врска со слободните активности на младите од ова поднебје и на младите од Германија. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вежби со флеш картички: Учениците во своите групи добиваат флеш карти со точно време и флеш карти со нацртан часовник со дадено време. Тимовите се натпреваруваат кој прв ќе го поврзе точното време со точно нацртаниот часовник.
- Поврзување слики со текст/работа во парови: Учениците, поделени во парови, ги поврзуваат сликите со новоусвоените термини за слободно време, хоби и предмети поврзани со нив и ги внесуваат на местата означени под сликите (Hobbys, Gegenstände in der Freizeit: Judo, Snowboard, Fotografieren, Skateboard, Surfen, Karate)
- Пополнување табели со одредени/селектирани информации: Учениците во групи добиваат табела со лексика поврзана со интересите за активности во врска со слободното време и хобијата, со цел да ги поврзат со глаголите адекватни на тие поими (Fußball – spielen; Sport – treiben; Surfbrett – surfen; Kamera – fotografieren)
- Учениците, поделени во парови пополнуваат реченици со употреба на степенување на придавките ( gern-lieber-am liebsten) Паровите се натпреваруваат кој прв ќе ги заврши речениците.

  Isst du (gern) Brezeln? – Ja, aber ich esse (lieber) Brötchen. Was machst du am Samstag (am liebsten)?
- Играње улоги според дадени модели (пантомима): Учениците играат во парови при што едниот ученик од парот покажува мимика на хоби или слободна активност, а другиот одгатнува за која активност се работи. Добива поен групата парот кој ќе го ќе го погоди точниот

збор.( Tennis; Karate; Basketball; Fußball; Schach)

- Дополнување реченици со празнини според лексика од слободно време, хоби и спорт: На даден текст со празнини, учениците погодуваат кој збор недостасува.

  Peter möchte ________ (Tennis) spielen. Er möchte ________ (Rad) fahren. Er möchte ________ (Musik) hören.
- Водење дијалози: Учениците составуваат краток дијалог по дадени слики со едноставни реченици за да опишат дејство кое се случува во моментот на зборување.

  Er möchte Tennis spielen. Er geht auf den Tennisplatz. Sie möchte Musik hören. Sie geht ins Rockkonzert. Martin möchte Skateboard fahren. Er geht auf die Skaterbahn.
- Учество во куси разговори поврзани со едноставни ситуации за слободното време: Учениците се делат во групи и пишуваат дијалози во тетратка од понудените примери на табла. Потоа пред класот секоја група одредува свој претставник, кој ги презентира составените дијалози.

  Wir gehen ins Kino. Kommst du mit? Hallo, Martina. Spielst du mit? Nein, meine Tante ist hier. Ich kann leider nicht mitspielen.
- Пишување реченици и куси дијалози според дадени слики: Учениците добиваат слики во врска со активности поврзани со слободното време и разни хобија. Тие треба да напишат сценарија за дадени ситуации според сликата.

  Du bist in den Ferien in Deutschland. Du spielst auf dem Sportplatz. Du möchtest mitspielen. Kannst du……? Woher….? Einmal bitte…..! Magst du...?
- Hängemännchen или бесилка: Наставникот пишува збор со одредени празни полиња кој означува некој спорт, а учениците се обидуваат да го погодат зборот, дополнувајќи ги буквите кои недостасуваат во зборовите

  S_ _ _ _ _ _ r ( Sportler); J_ _ o ( Judo); T_ _ _ _ s ( Tennis)
- Учениците, преку цртеж го претставуваат својот омилен спорт и, пишувајќи куси реченици со новоусвоената лексика, го претставуваат својот омилен спортист/спортистка.

  Das ist Cristiano Ronaldo. Er ist Fußballspieler. Er ist sehr sportlich.

  Das ist Serena Williams. Sie ist Tennisspielerin. Sie ist sehr freundlich.
- Изработка на проект: e -mail Freund/-in gesucht.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот/наставничката обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти/ки, образовни медијатори/ки, тутори/ки волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот/наставничката еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот/наставничката користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во шесто одделение по предметот Германски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси слушнати и/ или пишани искази и куси дијалози, куси едноставни песни;

- правилното пишување на зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- пишувањето кратки и едноставни реченици и текстови на позната тематика;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации);
- домашните задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди, крај на одделна тема, тримесечие, полугодие и бројчана оценка на крај на учебната година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br><br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Германски јазик* за VI одделение.** | бр. 08 - 3170/5<br><br>15.3.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br><br>**Doc. d-r Jeton Shaqiri, c.p.**<br><br>____________________________ |